Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 6.11.2018 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Македонија

Член 3

Се определуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање и Министерството за надворешни работи за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/1086 на Советот од 30 јули 2018 година за спроведување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 5

Рестриктивните мерки кон Либија се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр. 44-9538/1**
**6 ноември 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

# COUNCIL IMPLEMENTING DECISION (CFSP) 2018/1086

## of 30 July 2018

## implementing Decision (CFSP) 2015/1333 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2015/1333 of 31 July 2015 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya and repealing Decision 2011/137/CFSP [1] and in particular Article 12(2) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 31 July 2015, the Council adopted Decision (CFSP) 2015/1333.

(2) In accordance with Article 17(2) of Decision (CFSP) 2015/1333, the Council has reviewed the list of designated persons and entities set out in Annex II and Annex IV to that Decision.

(3) The Council concluded that one person should no longer be kept on the list of persons and entities set out in Annex II and IV to Decision (CFSP) 2015/1333.

(4) Decision (CFSP) 2015/1333 should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annex II and Annex IV to Decision (CFSP) 2015/1333 are amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 30 July 2018.

*For the Council*

*The President*

G. BLÜMEL

---

[1] OJ L 206, 1.8.2015, p. 34.

*ANNEX*

1. In Decision (CFSP) 2015/1333, Annex II ('List of persons and entities referred to in Article 8(2)'), Part A (Persons) entry No 3 (concerning ASHKAL, Omar) is deleted and the remaining entries are renumbered accordingly.

2. In Decision (CFSP) 2015/1333, Annex IV ('List of persons and entities referred to in Article 9(2)'), Part A (Persons) entry No 3 (concerning ASHKAL, Omar) is deleted and the remaining entries are renumbered accordingly.

**ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЗНБП) 2018/1086 НА СОВЕТОТ**

**од 30 јули 2018 година**

**за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европска Унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 на Советот од 31 јули 2015 година за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Либија и за укинување на Одлуката 2011/137/ЗНБП ([1]), а особено член 12(2) од истата,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јули 2015 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2015/1333.

(2) Во согласност со член 17(2) од Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, Советот го прегледа списокот на наведени лица и субјекти утврден во Анекс II и Анекс IV кон таа одлука.

(3) Советот заклучи дека едно лице не треба повеќе да биде на списокот на лица и субјекти утврден во Анекс II и IV кон Одлука (ЗНБП) 2015/1333.

(4) Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Анекс II и Анекс IV кон Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 се изменети како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 30 јули 2018 година.

*За Советот*

*Претседател*

Г. БЛУМЕЛ

---

[1] Сл. весник L 206, 1.8.2015 година, стр. 34.

# АНЕКС

1. Во Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, Анекс II („Список на лица и субјекти од член 8(2)"), Дел А (Лица) внесот бр. 3 (во однос на АШКАЛ, Омар (ASHKAL, Omar) се брише и останатите внесови одново се нумерираат соодветно.

2. Во Одлуката (ЗНБП) 2015/1333, Анекс IV („Список на лица и субјекти од член 9(2)"), Дел А (Лица) внесот бр. 3 (во однос на АШКАЛ, Омар (ASHKAL, Omar) се брише и останатите внесови одново се нумерираат соодветно.